# У П А Т С Т В О
# ЗА ПРИМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ЕЛАБОРАТ ЗА РЕВАЛОРИЗАЦИЈА НА НЕДВИЖНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО - СПОМЕНИК/СПОМЕНИЧКА ЦЕЛИНА

## I. ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДОБРОТО

1. Назив на доброто, вклучувајќи локални и други познати називи покрај официјалниот назив:
   *Се наведува називот на доброто од досегашниот акт за прогласување споменик на културата; се наведува и објаснува евентуалната промена што се предлага за прецизно и точно именување, како и други називи по кои е познат споменикот. Пр.: "Манастир Св. Јован Бигорски" (во досегашниот акт за заштита); се предлага нова формулација: "Бигорски манастир - Свети Јован Крстител".*

2. Единствен матичен број:
   *Единствениот матичен број (ЕМБ) истражувачите го добиваат од Управата за заштита на културното наследство, по доставено барање.*

3. Класификација на доброто:
   *Именувањето и шифрувањето се добиваат од Управата за заштита на културното наследство, надлежна за приемна на "Националната класификација на културното наследство", а по доставено барање на истражувачите за каков вид културно наследство станува збор во елаборатот за ревалоризација.*

4. Датирање:
   *Се наведува: **1.** точен датум - доколку истиот може да се потврди од одреден извор; **2.** почетен-краен датум - особено кога се работи за целина со повеќе хронолошки фази на постоечките делови (Пр.: за Бигорски манастир - XVIII-XXI век); **3.** приближен датум, со формулациите: околу (Пр.: околу 1903 год), односно крај - почеток (Пр. Саат кулата во Кратово е изграден а кон кр.на XVII век)*

5. Опис на доброто:
   *Покрај краткиte информации за хронолошките, односно историско-културните околности кои влијаеле на создавање на делото и/или негови делови, се дава опис на сите составни делови со сублимирање на најкарактеристичните содржини, важни за негово проследување и вреднување. Доколку по оценка на истражувачот описот (или негов дел) даден во претходниот акт на прогласување на заштитено добро се пренесува во елаборатот за ревалоризација, актот се цитира и се наведува авторот на преземените информации. Сите додатни/нови информации јасно се разграничуваат.*

6. Локација:
   *Се наведуваат сите релевантни и по можност прецизни податоци за: **1.** име на општина; **2.** населено место или негов дел; **3.** месност (регион); **4.***

*адреса. Пр.: за споменичката целина - село Кичиница: општина - Маврово и Ростуша; на падините на Бистра, во рамките на Националниот парк - Маврово; на 3 км. оддалеченост од Мавровското Езеро; предел/месност: Горна Река.*

7. Топографски податоци:
   *Се наведуваат кооридинати X и Y – според утврден координативен систем.*

8. Надморска височина
   м.....

9. Граници на доброто:
   *Се наведуваат/опишуваат претходно утврдените граници на доброто доколку истите се дадени во претходниот акт на заштита како и називот на изворот (актот); доколку тоа не е направено или пак истражувачите сметаат дека претоходно утврдените граници треба да се менуваат, таквата состојба се констатира и се дава предлог за утврдување/промена на границите на доброто. Во предлогот за граници на доброто се опишуваат/ образожуваат карактеристиките на граничниот појас што се предлага, и тоа според:* ***а)*** *препознатливи содржини на просторот: јавни објекти и природни меѓи (архитектонско-скулпторни обележја, мостови, реки, плоштади и сл.);* ***б)*** *одредена улица(и) со нумерацијата на објект(и); надополнување со:* ***в)*** *броеви на катастарски парцели (или нивни делови) доколку е потребно;*

10. Контактна(и) зона(и):
    *Се наведуваат/опишуваат претходно утврдените простори/граници на контактните зони доколку истите се дадени во претходниот акт на заштита како и називот на изворот (актот); доколку тоа не е направено, или пак истражувачите сметаат дека досегашните контактни зони треба да претрпат промена таквата состојба се констатира и се дава предлог за утврдување/промена на контактните зони. Во предлогот се опишуваат/образложуваат границите, односно просторот на контактната зона(и) што се предлага(ат) на начин како што е дадено во т. 10 на ова упатство (Граници на доброто);*

11. Катастарски податоци:
    (*се наведуваат прецизни податоци за:* ***1.*** *Катастарска општина(КО);* ***2.*** *сите катастарски парцели (КП бр....), во границите на доброто и одделно - во контактната(е) зона(и))*

12. Површина:
    *Се наведува површината на:* ***1.*** *објект- габарит (доколку се работи за дел од споменичка целина) или објект- габарит и по катови (доколку се работи за поединечен споменик);* ***2.*** *на границите на доброто;* ***3.*** *на контактната зона и* ***4.*** *вкупно на целото заштитено подрачје (заедно :1 + 2 + 3 + 4)*

13. Автор(и) на доброто:

14. Функција на доброто:

    *Се наведуваат податоци за функцијата на споменикот (доколку се работи за поединечен објект) односно на секој негов дел (доколку се работи за споменичка целина). Функцијата се опишува како:* ***1.*** *изворна,* ***2.*** *дополнителната/променета функција* ***3.*** *сегашна функција;* ***4.*** *планирана/проектирана функција - доколку постојат предлози, планови, решенија, проекти и сл. за идната функција - истите се наведуваат/ опишуваат.*

    *Пр. за Саат кула-Кратово: изворна = стамбено-одбрамбен објект; променета во саат кула (во XIX век), а потоа во музејски простор (историска поставка - во 80-те години на XX век); сегашна = без функција; Според проекција на градоначалникот на Кратово и на Националниот конзерваторски центар (дадена во Проектот за конзервација и ревитализација од 2004, реализиран од ЕКП) - идната функција на објектот ќе биде - музејски простор за етнолошка изложба.*

15. Поврзаност:

    *Се наведуваат податоци за поврзаност со:* ***1.*** *друго заштитено добро, Пр.:* ***а)*** *во рамките на заштитената споменичка целина Манастир Свети Јован Бигорски постои заштитена музејска збирка:" Икони и црковни предмети од манастирот Св. Јован Бигорски" (реш. на актот за заштита - назив, датум.), сместена во женската трпезарија на манастирскиот комплекс;* ***б)*** *поврзаност со манастирот Св. Ѓорѓи Победоносец, с. Рајчица, Дебарско (реше.на актот за заштита....), кој е посед на Бигорскиот манастир (според тапија);* ***2.*** *со личност или настан (ова се однесува пред се за поединечни (историски) споменици или споменички целини, посветени на одреден заначаен настан или личност (Пр. куќата на Блаже Конески во с. Небрегово во која се родил писателот);* ***3.*** *со претходен статус на заштита (решенија, закони или одлуки). Пр.: за цр. Св. Спас-Скопје: претохден (посебен) Закон за прогласување на споменик на културата (донесен од..., датум.., време на траење..), потоа - Решение за прогласување на споменик на културата (издадено од Централниот завод за заштита на споменици на културата, бр. , датум и др..).*

16. Акт за заштита:

    *Се наведува досегашниот/постојниот акт за заштита: назив, број и датум на актот, доносител и датум на влегување во сила на актот)*

17. Регистрација во Националниот регистар:

    *Оваа точка не се пополнува од истражувачите. Податоците (накнадно) ги обезбедува Управата за заштита на културното наследство.*

## II. ПОСТОЈНА СОСТОЈБА

1. Физичка состојба и зачуваност:

   Се опишува состојбата - *се наведуваат податоци за општата состојба на доброто во целина како и на составните делови, степенувана како-добра, лоша, незадоволителна; односно -*

за зачуваноста - *се наведуваат податоци за видот и степенот на автентична зачуваност на споменикот/деловите во состав на целината, евентуалните доградби, надградби, преправки, рушења и сл.*

2. Загрозеност на доброто:
   *Се наведуваат/опишуваат факторите кои придонеле или и сеуште придонесуваат за загрозеноста на доброто/деловите на целината и степенот на нивното делување врз доброто/составните делови: (негрижа/неодржување; непреземени или несоодветно преземени заштитни мерки, недостапност до објектот(ите), недостиг на финансиски средства и др.).*

3. Имотно-правна состојба:
   *Се наведуваат прецизни податоци за: **1.** вид и движење на сопственоста: Пр. приватна сопственост (имотен лист), од ..год.; преминува во приватна сопственост (имотен лист) од ...год. и сл; **2.** основни податоци за сопственикот (име, адреса и сл.); **3.** начин/правна основа за стекнување на правото на сопственост (наследно решение, тапија, подарок, и сл.); **4.** корисник, концесионер (име/назив, адреса); **5.** начин/правна основа за владението, односно право на користење (договор меѓу сопственик и корисник, одлука на влада доколку се работи за добра од државна сопственост); **6**. товари/ограничувања на правото на сопственост - доколку се познати, односно според соодветни документи кои што се наведуваат); **7.** отворени прашања од имотно-правна природа - доколку истражувачот поседува одредени информации дадени од релевантни субјекти а тие можат да се однесуваат на: водење судска постапка, постапка за денационализација и сл.).*

4. Истраженост на доброто:
   Се *наведуваат: **1.** видовите на истражувања што се досега вршени за самото добро и/или во поширок контекст на истото, односно на целината и/или нејзините делови (од историски, општествено-економски, културолошки, стилско-уметнички, архитектонско-градежни, функционални и сл.); **2.** се дава оценка на обемот и квалитетот на истражувањата како и **3.** потребата од одреден вид и обем на дополнителни истражувања.*

5. Документираност на доброто:
   *Се дава преглед на видот и обемот на досега изготвената дескриптивна, техничка, фото и друг вид расположива документација како и субјектите кои ја изготвиле, односно кај кои се чува/наоѓа истата.*

6. Обезбеденост на доброто:
   *Се наведува: **1**. видот и квалитетот на физичкото обезбедување на доброто/составните делови (чуварска служба, мерки на сопственикот/корисникот); **2.** видот и квалитетот на техничкото обезбедување (алармни уреди, други уреди за запречување); **3.** планови за заштита од елементарни непогоди, вооружени судири други и безбедносни механизми (види: чл. 104 од Законот за заштита на културното наследство).*

7. Претходни интервенции на доброто:
*Се наведуваат: **1.** вид, обем, одговорен субјект и време на изведба на заштитно-конзерваторски интервенци; **2**. друг вид на интервенции преземени од одговорен субјект, сопственик, корисник или др.. За сите интервенции се дава генерална оценка дали се во согласност со правилата/критериумите за заштита или го деградираат култ.наследство.*

8. Презентираност/популаризираност на доброто:
*Доколку доброто или негови делови(движни/недвижни) се презентирани на пошироката јавност: публикации, презентации на поставки, на урбанистички студии, национални и меѓународни проекти за заштита, ревитализација, популаризација, културен туриза и сл., се наведуваат релевантни податоци (назив на документот, тема на обработка, датум-време на траење, вклученост на стручни служби/стручни лица и сл.): - Примери: спомeничката целина "Стара скопска чаршија" презентирана во француско-македонскиот проект, Скопје, град на историјата и уметноста (2000); .,Манастир Св. Јоаким Осоговски презентиран во проектотс "Туристички итенерери на Југоисточна Европа", воден од Пактот за стабилност, 2000 година, и сл.)*

9. Вклученост на доброто:
*Се наведуваат конкретни информации за вклучување на доброто во:**1.** актуелни просторни и урбанистички планови (назив на планот, датум на донесување, доносител, рок на важење, третман на доброто во нив), Пр.: пилот-проект за влијанието на активноста на каменоломот во близината на Топличкиот манастир - вклучен во Националниот акционен план за животната средина (НЕАП) 2005 год. што го води Министерството за животна средина и просторно планирање и др.; **2.** во заштитени подрачја врз други основи (природно наследство, биодиверзитет, енергетика, јавни патишта, зони од друг вид и сл.), Пр.: пилот-проект за влијанието на активноста на каменоломот во близината на Топличкиот манастир - вклучен во Националниот акционен план за животната средина (НЕАП) 2005 год. што го води Министерството за животна средина и просторно планирање и др.; **3.** во стратешки документи (стратегии, програми, планови, проекти) Пр.: вклученост на археолошкиот локалитет Суводол во енергетската зона - подрачје на РЕК-Битола, и др..*

10. Инфраструктура:
*Се наведуваат кратки и прецизни инфомрации за: **1.** достапност на доброто - пристапни патишта (вид, категорија, состојба); **2.** електрификација; **3.** фиксна телефонска мрежа; **4**. снабденост со вода; **5.** сместувачи капацитети (во рамките на доброто, контактните зони и пошироко); **4.** оддалеченост од потенцијално критични точки, односно од стратешки подрачја/ објекти (аеородром, полигон, електран, железничка станица и сл.).*

11. Управување со доброто:
*Се наведуваат прецизни информации - документи (назив, субјекти, датум, одредено време на управување и сл.) со кои се уредени правата и обврските*

*за управување и тоа на* **: 1.** *надлежните субјекти/инситуции на национално/локално ниво, одговорни за управување со доброто;* **2.** *сопственициите;* **3**. *корисниците/концесионерите - на кои им е дадено правото на користење.*

## III. ОПРАВДАНОСТ НА ПРОМЕНАТА

1. Причини за ревалоризација на доброто:
   *Се наведуваат причините за ревалоризација кои можат да произлегуваат од:* **1.** *сегашната законската одредба/обврска, временски определена (чл. 176 од Законот за заштита на културното наследство); односно* **2.** *потреба од утврдување или промена на категоријата;* **3.** *потреба од утврдување или промена на граници на доброто и/или контактните зони* **4**. *утврдување или промена на заштитен режим;* **5.** *потреба од престанок на актот за заштита (чл. 2 од Законот за заштита на културното наследство.*

2. Содржина и опис на промената што се предлага:
   *Се образложуваат/опишуваат сите или некои од горе наведените причини за промена.*

3. Образложение за ревалоризацијата:
   *Се дава сожет приказ на вредностите на доброто (во целина и на составните делови, како и на заштитената и контактната зона), заради кои се предлага тоа да добие статус на заштитено културно наследство со одредена категорија, а кои во претходниот акт за заштита не биле наведени/дефинирани односно аргументирани и/илисе добиени во процесот на ревалоризацијата. Доколку се работи потребата од престанок на статусот на заштита се дава аргументирано образложение.*

4. Категорија на доброто (предлог):
   *Се именува категоријата што се предлага (според Законот за заштита на културното наследство чл. 28 и 29, односно разработени во чл. 3, 6 и 7 од Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација)*

5. Образложение за категоризацијата:
   *Се дава:* **1.** *образложение за категоријата што се предлага, со прецизирање/потенцирање а по оценка на истражувачот и градација на вредностите на доброто и/или неговите делови, според определените критериуми во чл. 28, 29 од Законот за заштита на културното наследство, односно чл. 8 од Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација на културното наследство;* **2.** *резиме - сублимиран заклучок, произлезен од образложенијата за ревалоризација и категоризација.*

## IV. РЕЖИМ НА ЗАШТИТА

1. Степен на заштита:

*Се наведува и образложува предлогот за одреден степен (прв, втор или трет) на заштита, утврдени според предложената категорија на културното добро, односно според критериумите дадени во чл. 22 од Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација, а кои се однесуваат на доброто во целина, на составните делови и на контактните зони, односно на* ***резервирана археолошка зона****???. При тоа, а особено кога се работи за споменичка целина може да се примени т.н. комбиниран модел на заштитен режим, односно за различни составни делови на целината (вреднувани различно во образложението за ревалоризација/образложението за категоризација),односно да се посочат и образложат различни степени на заштитен режим.*

1. Други мерки, забрани, пропозиции, превентивни и корективни мерки, дадени во чл. 29 од Правилникот за валоризација, категоризација и ревалоризација а се однесуваат на:
   - Почитувањето, чувањето и одржувањето на културното наследство
   - Користењето, презентацијата и популаризацијата на доброто;
   - Управувањето со доброто и ризиците на кои е тоа изложено;
   - Достапноста на доброто;
   - Интегрираната заштита;
   - Конзерваотрскиот мониторинг
   - Унапредување на квалитетот на животната средина во идното заштитено подрачје.

## V. ДОКУМЕНТАЦИЈА

**1.** Општи забелешки за документацијата:

*Тука се даваат податоци за видот и обемот на документацијата што се приложува во елаборатот. При тоа за истата се наведува следното:* ***1.*** *вид и обем на користење на претходно изготвена документација, кој ја изготвил , датум на изготвување и каде се чува;*

**2.** *вид и обем на претходно изготвена документација, кој ја изготвил, датум на изготвување и каде се чува, а која што во процесот на ревалоризација е корегирана од истражувачот;* ***3.*** *вид и обем на нова документација што се изготвува во процесот на ревалоризација.*

**3.** Преглед/список на документацијата содржана во елаборатот

**4.** Прилози

*Се наведуваат сите видови на прилози во елаборатот (според чл.30 ст. 2, т.1, 2, 3 и 4, односно ст.3, т. 1, 2 и 3)*

*Напомена: при наведувањето на прилогот: - библиографија треба да се примени одреден систем. Пример: цитирање од најновото издание кон постарите изданија; прво презимето на авторот а потоа само иницијал на името и сл.*